РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-5150/4 (2023)
12-01-2024
_______ г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен предмет оформен по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5150/1 од 02.11.2023 година, оформен по пријава со три наводи за коруптивно однесување особено непотизмот како форма на корупција на Универзитетот „...., **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за првиот и вториот навод се води постапка во ДКСК и не е донесено одлука, додека за третиот навод е постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува, кој постапил во рамките на своите законски надлежности и не утврдил неправилности во работењето на правниот субјект.

Предметот со број 12-5150/1 од 02.11.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непопознат подносител, на ден 02.11.2023 година, доставена е пријава заведена под број 12-5150/1, по која е оформен предмет со наводи за коруптивно однесување особено непотизмот како форма на корупција на Универзитетот „....

Во првиот навод од пријавата се наведува дека, претседателот на сенатот Проф.д-р ....кој бил син на проф.д-р ... со последниот реферат за избор објавен во билтен ја вработил својата сопруга проф. Д-р ... на Високата ..... Дополнително на истиот универзитет била вработена и неговата братучетка проф. Д-р .... на Економскиот факултет .... Вториот навод од пријавата се однесува за финансискиот раководител на Универзитетот Д-р .... која го имала вработено својот сопруг (Технички факултет ...) и својот син (Правен факултет ...), а со последно објавениот реферат за избор , рецензентската комисија во која член бил споменатиот проф д-р .... дал предлог да се избере и ќерката на ..... Третиот навод се однесува на спорен избор во наставно звање на Факултетот за информатички .... а се однесувало на кандидатката д-р ...... која и била сестра на д-р .... продекан за наука и меѓународна соработка на Факултетот ..... За неправилностите група професори од Факултетот за ...... имале пратено претставка до Државен просветен инспекторат а за истото бил информиран и ректорот на универзитетот кој согласно член 101 став 1 се грижи за законитоскта и статутарноста на работата на универзитетот.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК од Државен просветен инспекторат, побара податоци и информации со прилог документација за спорниот избор во наставно звање на Факултетот за ...., а се однесува на кандидатката д-р .... која пак и била сестра на д-р .... продекан за наука и меѓународна соработка на Факултетот .....

По барањето на ДКСК добиени се бараните податоци и информации и по извршениот увид во целокупната документација со која располага констатирано е следново:

Од страна на Државниот просветен инспекторат било постапено по Задолжение бр 09-1223/2 од 25.1.02023 година добиено од директорот на Државниот просветен инспекторат. Од извршениот вонреден инспекциски надзор составен бил Записник ИП1 бр. .... од 09.11.2023 година. На ден 06.11.2023 година од страна на Државниот просветен инспекторат по издадено задолжение бр.09-1073/2 бил извршен вонреден инспекциски надзор и составен Записник Ип1 .... од 09.11.2023 година во кој било констатирано следното: во однос на наводот дека конкурсот за избор на наставник во сите наставно научни звања од научните области бил објавен без да биде содржана соодветната наставно научна област го отфрлиле како неоснован бидејќи објавениот конкурс бил согласно член 172 став 4 од Законот за високо образование. Потоа наводот дека д-р ... била сестра со д-р ...продекан за наука и меѓународна соработка на Факултет за .... од страна на Државниот просветен инспекторат било побарано од одговорното лице на факултетот да се произнесе по наводот. Од нивна страна било кажано дека на Факултетот ..... било вработено само лицето .... на работно место наставник додека лицето .... никогаш не била вработена или ангажирана на Факултетот ... а од таму ниту учествувала или имала било какво влијание врз постапката за избор. На Факултетот за ...... било вработено лицето ...... од 09.11.2007 година додека д-р ...... немала основано работен однос со Факултетот .... ....

Од тука Државниот просветен инспекторат констатирал дека горенаведеното било согласно член 160 став 6 од Законот за високото образование и согласно своите надлежности констатирал дека немало неправилности во однос на горенаведените наводи.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека по пријавените наводи конкретно на првиот навод постапката е во тек по предмет бр.12-5328 од 2023 година, за вториот навод има отворено предмет во судир, додека за третиот навод ДКСК утврди дека е постапено од страна на друг надлежен орган кој постапил во рамките на своите законски надлежности и не биле утврдени неправилности во работењето на горенаведениот правен субјект.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: С.И.
Одобрил : С.П.Д. ,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk